*Обединети околу уставната определба на Република Македонија како унитарна, демократска, социјална и национална држава на македонскиот народ со гарантирана положба на малцинствата според меѓународнотот право;*

*Цврсто залагајќи се за доследна примена на концептот на владеење на правото;*

*Уверени дека Република Македонија има свои интереси да го одбрани светото македонско име и дека оној што сака да работи на промена на името, тој може да се смета за добар Грк, добар Европеец или добар Натовец, но, не и за добар Македонец;*

*А, длабоко загрижени за иднината на нашата држава и засегнати од негативните тенденции на власта во Македонија за промена на името, идентитетот, историјата и традицијата на македонскиот народ;*

*Ние, претставниците на опозициските политички партии во Република Македонија, здруженија на граѓани и невладини организаци од земјата и светот, сплотени и единствени околу прашањето против промена на Уставот на Република Македонија, распуштање на Собранието и распишување на избори, донесуваме*

## ПОВЕЛБА ЗА СТРАТЕШКА СОРАБОТКА
## против промена на Уставот на Република Македонија, распуштање на Собранието и распишување на избори

### Цел на соработката

Собранието на Република Македонија, спротивно на волјата на македонскиот народ и поголем дел од граѓаните на Република Македонија изразена на референдумот на 30 септември, на седницата одржана на 19 октомври 2018 година донесе одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Република Македонија има антимакедонски предлог за промена на име, идентитет, историја и традиција во замена за иден неизвесен факт - членство во НАТО и ЕУ. Во изминатиот период Татковината беше цел на обоени револуции, социјален инжинеринг за рушење на волјата на народот и нејзините институции и инсталирање на структури кои ќе го одработат геостратешкиот проект - бришење на се што е македонско.

Завладеа теророт во државата, насилство, уцени, закани, медиумскиот простор е претворен во најстрашно едноумие, се врати досието за македонски екстремизам, се гони секој Македонец кој може да поведе народ и кој си ја сака Татковината, тоа што се зборува во соопштенија и на прес конференции се казнува, се применува т.н. вербален деликт кој одамна е укинат под називот говор на омраза. Живееме во услови идентични како под фашистичката окупација.

Тргнувајќи од ваквата состојба, здружувајќи ги силите и користејќи ги сите патриотски, стручни и научни потенцијали, се обврзуваме пред македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија, вистински и патриотски, а не лажно и предавнички, да понудиме решение за спречување на промена на Уставот на Република Македонија и влегување во правна сила на капитулантскиот договор со Грција, Собранието на Република Македонија да се распушти и веднаш да се распишат предвремени парламентрани избори.

Инсталираната влада преку државниот удар има за цел да го промени Уставот на Република Македонија со што се укинува македонската држава и се брише македонскиот народ од светската мапа на нации. Меѓутоа, вистината и правдината е на другата страна, а каде е вистината и правдината, таму е силата, единството и народот.

Ние сме единствени и стоиме исправено на својата земја и држава Македонија, како Македонци ќе го поведеме македонскиот народ и поголем дел од граѓаните во сенародни протести со еден услов, а тоа е заминување на Владата и Зоран Заев и избори без Заев како премиер.

**Активности и механизми за остварување на соработката**

Формирање на Кризен штаб против промена на Уставот на Република Македонија, распуштање на Собранието и распишување на избори, со по еден претставник од секој потписник на овој Меморандум како национално тело кое ќе утврди План на активности. Кризниот штаб ќе раководи со работата на терен, следење и реализација на Планот на активности во кој ќе бидат вградени решенијата за успешно спречување на промена на Уставот и распишување на предвремени парламентарни избори.

Кризниот штаб против промена Уставот, распуштање на Собранието и распишување на избори е во постојано заседание. Работата е транспарентна и отворена за јавноста. Кризниот штаб одлучуваат со мнозинство од присутните. Со Кризниот штаб раководи координативно тело составено од тројца членови.

Координиран настап кон средствата за јавно информирање за реализација на заеднички поставената цел. Кризниот штаб против промена Уставот, распуштање на Собранието и распишување на избори ќе води јавна пропаганда за спречување на промена на Уставот, распуштање на Собранието и итно распишување на предвремни парламентарни избори преку сенародни протести чија цел е заминување на владата на Зоран Заев и организирање на избори со друг премиер како и други настани, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, медиумско и интернет претставување и дистрибуирање на печатени материјали.

Сенародните протести ќе се водат под слоганот: МАКЕДОНИЈА - БЛОКИРА.

Овој Меморандум е отворен за пристапување на сите политички партии, македонски организации, поединци од земјата и светот.

**Времетрање на соработката**

Соработката ќе се остварува се до остварување на целта утврдена со овој Меморандум.

Соработката може да биде продолжена и по остварувањето на целта, односно, и после распишувањето на предвеременитe парламентарни избори а по претходно меѓусебно усогласување на ставовите.

Меморандумот е изготвен во доволен број еднообразни примероци по еден за секоја страна.

Овој Меморандум влегува во сила на денот на неговото потпишување.

Силно убедени дека ваквата цел е достижна, ние претставниците на опозициските политички партии во Република Македонија, здруженија на граѓани и невладини организаци од земјата и светот, сплотени и единствени околу прашањето против промена на Уставот на Република Македонија, распуштање на Собранието на Република Македонија и распишување на предвремени парламентарни избори, ја потпишуваме Повелбата за стратешка соработка, уверени во остварливоста на нашата цел, заеднички ангажирајќи се на локално и на национално ниво.

**ПОТПИСНИЦИ**

__________________________________

**Јанко Бачев** - ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА

_________________________________

**Филип Петровски** - ВМРО-ДПМНЕ - ДЕМОКРАТСКА ФРАКЦИЈА

_________________________________

**Страшко Олумчев** - СЕМАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ - МАКЕДОНИУМ

_________________________________

**Жарко Гроздановски** - ХРИСТИЈАНСКО БРАТСТВО

_________________________________

**Љупчо Алексовски** - ФРОНТ ЗА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА - ФРОДЕМ

_________________________________

**Драган Угриновски** - МАКЕДОНСКО ПАТРИОТСКО ЗДРУЖЕНИЕ ТВРДОКОРНИ

_________________________________

**Владимир Змејковски** - ФОРУМ НА СЛОБОДОУМНИ ПАТРИОТИ

___________________________________

**Ана Бобинкова** - ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗДРАВО, ДОСТОИНСТВЕНО И ВОЗВИШЕНО ЖИВЕЕЊЕ ПРЕРОДБА

________________________________

**Андријано Александров -** МАКЕДОНСКИ ПАТРИОТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА: ВЕЛИЧКО ВЕЉАНОВ ЧИЧЕТО; ВЛАДО ЧЕРНОЗЕМСКИ; СТРУШКИ НЕПОКОР; АНДОН ЌОСЕТО; ХРИСТО УЗУНОВ: МЕТОДИ ПАТЧЕ И ВАСИЛ ЧАКАЛАРОВ

________________________________

**Ирина Ѓурчиновска -** МАКЕДОНСКО - РУСКИ СОЈУЗ НА ЖЕНИ

________________________________

**Бора Ристич -** ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА СРПСКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

__________________________________

**Исмаил Бојда** - СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИТЕ СО ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД

__________________________________

**Јусуф Брничанин -** ТУРСКИ СВЕТСКИ КОНГРЕС

_________________________________

**Гоце Гугуловски** - МАКЕДОНСКИ КЛУБ ШАРПЛАНИНЕЦ

_________________________________

**Дејан Бошков** - ГРАЃАНСКО ЗДРУЖЕНИЕ АМАНЕТ 1903

_________________________________

**Насто Палиоски** - ТРЕТА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА - ТОМ 2003

_______________________________

**Климе Новески** - ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА МАКЕДОНИЈА ПРЕД СЕ

________________________________

**Ристо Мијаковски** - ДВИЖЕЊЕ МАКЕДОНСКА ПРЕРОДБА

________________________________

**Чедомир Цветановски** - НАУЧНО ДРУШТВО ЦЕНЕСИ

________________________________

**Марјан Камиловски** - МАКЕДОНСКО КОНЗЕРВАТИВНО ДВИЖЕЊЕ

________________________________

**Јосиф Белески** - НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА НАША СТРУГА

________________________________

**Јове Палашоски** - ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ МАКЕДОНСКИ КРВОПИС

________________________________

**Стојан Велковски** - ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И РАМНОПРАВНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

________________________________

**Владимир Секуловски** - МАКЕДОНСКИ ТРИПЛЕРСКИ СОЈУЗ

________________________________

**Дарко Сандев -** ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ КРИН

________________________________

**Живко Атанасов –** ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНСКИТЕ ДРУШТВА ВО ШВАЈЦАРИЈА

________________________________

**Драган Стоиловски –** КООРДИНАТИВНО ТЕЛО НА МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ЗА ПРОТЕСТИ ВО ЕВРОПА

__________________________________

**Борис Ангеловски** - ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ИТАЛИЈА

________________________________

**Јонче Мојсовски –** МАКЕДОНСКА ЗАЕДНИЦА ОД АМЕРИКА

________________________________

**Боби Темелков –** МАКЕДОНСКА ЗАЕДНИЦА ОД КАНАДА

_________________________________

**Драги Стојковски** - ОРГАНИЗАЦИЈА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ОД КАНАДА

_________________________________

**Бил Николов** - МАКЕДОНСКО МЕЃУНАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

________________________________

**Драган Ристески -** СПАСИ ЈА БИБЛИСКА МАКЕДОНИЈА – МЕЛБУРН

________________________________

**Ицо Најдовски - Перин** - МАКЕДОНСКА РАДИО ПРОГРАМА - МЕЛБУРН

_______________________________

**Гоце Дуковски** - КУД НИКОЛА КАРЕВ - МЕЛБУРН

_______________________________

**Кире Јовчески –** ВО ИМЕТО НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ СОВЕТ ЗА НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС ВО КОЈ ЧЛЕНУВААТ 36 МАКЕДОНСКИ АСОЦИЈАЦИИ

________________________________

**Ристо Попов** - ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКТИВИСТИ ЗА МАКЕДОНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА, МЕЛБУРН

_________________________________

**Сашо Наумовски Лавче** - ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АВСТРАЛИЈА

_________________________________

**Живан Рендев** - ОРГАНИЗАЦИЈА ДА ЖИВЕЕ МАКЕДОНИЈА

_________________________________

**Крис Ангелков** – МАКЕДОНСКА ЗАЕДНИЦА ОД ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА, ПЕРТ АВСТРАЛИЈА

_________________________________

**Мирјана Стојковска Сартинас** – МАКЕДОНСКИ ГЛАС НА ДИЈАСПОРАТА

_________________________________

**Војдан Бабушковски** - ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

________________________________

**Иљо Јанев** - МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ЕВРОПА

**4 ноември 2018 година - Скопје, Република Македонија**